Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 02-118/6
18.03 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

НА

АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

ЗА 2025 ГОДИНА

КРАТКА СОДРЖИНА

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА 4

2025 КЛУЧНИ АСПЕКТИ 5

2025 КОНТИНУИРАНА ОБУКА 7

КРИВИЧНО ПРАВО 9

ГРАЃАНСКО ПРАВО 9

УПРАВНО 9

ЕУ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА НИЗ СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП 10

ОНЛАЈН-ОБУКИ 10

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 10

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ НАМЕНЕТИ ЗА СУДИИ-ПОРОТНИЦИ 11

2025 ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 11

ЦЕНТАРОТ ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ (ЦПИА) 12

МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ 12

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА 12

ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА ЕУ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ - RULE OF LAW 13

АМБАСАДАТА НА САД 14

МИСИЈАТА НА ОБСЕ 14

ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (ЕИПА) 16

СОВЕТ НА ЕВРОПА 16

TAIEX (TECHNICAL ASSISTANCE AND INFORMATION EXCHANGE) 18

ПРОЕКТ МАТРА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА СУДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 18

Проектот MATRA - „Подобрување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на Судскиот совет на Северна Македонија“ 19

АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА/ЦЕНТАР ЗА ОБУКА И ПРАВОСУДНИ СТУДИИ 19

АКАДЕМИЈАТА ЗА ЕВРОПСКО ПРАВО (ЕРА) 20

УНОДЦ 20

КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ВИСОКИОТ КОМЕСАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 20

ЖЕНЕВСКИ ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР (ДКАФ) 21

ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА ПРАВОСУДНА ОБУКА (ЕЈТН) 21

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА 21

МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА 23

2025 ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ И БИБЛОТЕКА 24

2025 СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ 25

2025 ЕВАЛУАЦИЈА И АНАЛИЗА 25

АНАЛИЗА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО 28

2025 БУЏЕТ 28

2025 ЈАВНИ НАБАВКИ 29

2025 ТРАНСПАРЕНТНОСТ 30

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Академијата со задоволство ви го претставува извештајот за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година. Оваа година беше одбележана со континуирана посветеност на судската и јавнообвинителската независност, интегритет и извонредност во обуките. Нашата Академија продолжи да се развива за да ги задоволи променливите барања на правдата, поддржана од посветеноста на нашите вработени, обучувачи и меѓународни партнери.

На почетокот на 2025 година, со Програмата за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година, поставивме цели за кои многумина рекоа дека се амбициозни, но на крајот нашиот труд даде позитивни резултати. Овој извештај ги истакнува нашите достигнувања и задоволството на учесниците во изминатата година, но ја опишува и насоката кон која ќе се движиме во 2026 година.

Благодарам на сите што учествуваа во успешната реализација на активностите на Академијата, како на домашен, така и на меѓународен план, низ тековната 2025 година.

„2025 беше година на предизвици, прогреси иновации за АСЈО"

„АСЈО останува посветена на спроведување на професионална обука во правосудството"

Ирина ТРАЈКОСКА СТРЕЗОСКИ
директор на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија

2025 КЛУЧНИ АСПЕКТИ

Академијата за судии и јавни обвинители е специјализирана институција одговорна за спроведување на професионална правосудна обука преку програмите за почетна и континуирана едукација во Република Северна Македонија и претставува единствената влезна точка во професиите судија и јавен обвинители. Таа исто така игра витална улога во подобрување и унапредување на професионализмот, етиката и ефикасноста на судството. Академијата останува посветена на остварување на реформската агенда во правосудството притоа инкорпорирајќи ги во својата работа сите препораки и насоки кои доаѓаат од Европската Унија.

Во 2025 година, ставајќи го фокусот на програмата за континуирана едукација, Академијата успешно реализираше:



Управниот одбор е орган на Академијата кој ги црпи своите надлежности и одговорност од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители. Актуелниот состав на Управниот одбор беше конституиран на 30.12.2024 година со мандат од четири години. Управниот одбор постапуваше и одлучуваше согласно со своите законски надлежности и од неговото конституирање до крајот на 2025 година одржа вкупно 17 седници. Како новина во 2025 година е објавувањето на записниците од одржаните седници на Управниот одбор на Академијата на веб-страницата на Академијата, во насока на подигнување на нивото на транспарентност на институцијата.

Програмскиот совет е орган на Академијата кој е надлежен и одговорен согласно со Законот на Академијата, меѓу останатото и за утврдување на програмите за реализација на континуираната и почетната обука, но членовите исто така учествуваат со свои предлози и идеи во креирање на содржината на Каталогот на обуки за континуирана едукација. Во споредба со изминатите години, членовите на Програмскиот совет одржаа многу повеќе седници и работни состаноци.

2024 година

•**Одржани се вкупно 7 седници**

2025 година

•**Одржани се вкупно 9 седници и 4 работни состаноци**

Директорката на Академијата ги продолжи своите активности кои во 2025 година беа насочени кон проширување и зајакнување на меѓународната соработка. Таа даде посебен фокус на унапредување на меѓународните партнери со кои Академијата веќе подолг временски период спроведува успешни проектни активности како што се: Мисијата на ОБСЕ, Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), Совет на Европа, Проектот на ЕУ „Владеење на правото“ и т.н. Во тековната година таа одржа и низа работни средби со дипломатски претставници од амбасадите во Република Северна Македонија, како што се Амбасадата на САД, Франција, Германија итн. Секако, покрај меѓународната соработка, директорката на Академијата учествуваше активно во повеќе работни групи, соработуваше со Министерството за правда и сите останати релевантни институции во насока на унапредување на ефикасноста на правосудниот систем на Република Северна Македонија.

Заменик-директорот на Академијата откако ја доби довербата на Управниот одбор за втор мандат ги продолжи своите активности согласно со своите надлежности. Имено, заменик-директорот ја претставуваше Академијата на повеќе настани организирани од страна на домашни и странски партнери на Академијата. Тој исто така учествуваше како говорник и предавач на настани на кои покрај правосудните институции домаќини беа и правните факултети низ државата.

2025 ПОЧЕТНА ОБУКА

По завршување на завршниот испит, Завршната комисија ги утврди резултатите од испитот и на 27 декември 2024 година беше објавена Прелиминарната ранг-листа од полагањето на завршниот испит. Против резултатите од завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука до Комисијата за завршен испит беа поднесени три приговори од слушатели кои сметаа дека погрешно им се пресметани бодовите од

завршниот испит. На седница одржана на ден 03.01.2025 година, Комисијата за завршен испит ги одби приговорите на слушателите како неосновани. Еден слушател поднесе жалба до Управниот одбор против Решението со кое неговиот приговор се одбива како неоснован, а жалбата беше одбиена како неоснована.

По завршување на постапката со приговори и жалби, Комисијата за завршен испит на седница одржана на ден 16.01.2025 година до Управниот одбор поднесе Извештај за текот на спроведување на завршниот испит во 2024 година за осмата генерација слушатели на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители. На истата седница, Комисијата за завршен испит ја утврди конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители број 10-32/4 од 16.01. 2025.

Исто така, на почетокот на 2025 година, Комисијата за ревизија на одржаните испити изврши ревизија на полагањето и оценувањето на завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука. По завршување на ревизијата, Комисијата на седница одржана на ден 21.01.2025 година до Управниот одбор поднесе Извештај за спроведена ревизија на теоретската настава, практичната настава и завршниот испит за осмата генерација слушатели во почетна обука.

На седница одржана на 23.01.2025 година Управниот одбор ги усвои извештаите на Комисијата за завршен испит и на Комисијата за ревизија на одржаните испити.

На 5 февруари 2025 година, Академијата за судии и јавни обвинители ги додели уверенијата на 97 кандидати за судии и јавни обвинители.

Со Одлука за поништување на јавен оглас во Академијата за судии и јавни обвинители 02-428/4 од 25.12.2025 година, донесена од Управниот одбор јавниот оглас за прием на 130 слушатели во почетна обука за деветта генерација, кој беше распишан во 2023 година беше поништен, а одлуката беше објавена на веб-страницата на Академијата.

2025 КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Спроведувањето на програмата за континуирана обука и понатаму останува најопсежната дејност на Академијата. Покрај реализацијата на обуките што произлегуваат од каталогот за обуки, кој се креира од страна на Академијата, по предлози што ги доставуваат сите судови и јавни обвинителства до Академијата, Академијата спроведува и организира обуки и со странски партнери кои се поддржувачи на нејзината работа.

Во тековната 2025 година Академијата продолжи да работи на унапредување на програмите и каталогот за обуки, притоа, ставајќи го фокусот на изнаоѓање нови, модерни и интерактивни методи за реализација на една обука, како и селекција на теми и квалитетни предавачи што ќе го задржат вниманието на учесниците.

Академијата реализираше вкупно 188 обуки, од кои 92 во самостојна организација, а 96 во соработка со институции, здруженија, комори, невладини организации, меѓународни

организации. Обуките беа реализирани во присуство на 4365 учесници, од кои 1807 судии, 916 јавни обвинители, 985 вработени во стручната служба во судовите и обвинителствата, 494 претставници на релевантни институции, 101 судии-поротници и 62 слушатели на почетна обука.

Содржините на обуките се реализираа, земајќи ги предвид принципот на учење на возрасните и самоедукација, со споделување искуства и знаења преку практични примери, усвоени ставови и правни мислења, работа во групи и презентации. Понудените содржини од каталогот за континуирана обука, овозможуваат учесниците да ги зајакнат своите професионални знаења и компетенции на ниво на информирање, стекнување знаење и практикување на вештини во зависност од потребите и нивното професионално искуство.

Обуките ги дадоа очекуваните резултати, а за нивната успешност говори и зголемениот интерес за учество од страна на правните практичари.

Прикажана реализацијата на програмата за континуирана обука низ област изгледа вака:

***Граѓанско – 31 обука, 777 учесници, Кривично – 61 обука, 1322 учесници,Граѓанско / кривично – 13 обуки, 322 учесници, Општи теми – 55 обуки, 1341 учесници, Прекршоци – 2 обуки, 36 учесници, Трговско – 5 обуки, 33 учесници, Управно – 6 обуки, 178 учесници и Специјализирани обуки – 15 обуки, 356 учесници.**

КРИВИЧНО ПРАВО

Во делот кривично право, како една од посебните тематски целини во рамки на годишниот извештај на Академијата за 2025 година, се презентираат активностите реализирани преку програмите за обука на Академијата во оваа област. Иновативниот пристап придонесе за зголемување на бројот на учесниците од редот на стручните судски соработници и на јавнообвинителските соработници и за унапредување на нивните професионални компетенции.

ГРАЃАНСКО ПРАВО

Во текот на 2025 година, во областа на граѓанското право беа реализирани бројни активности насочени кон продлабочување на стручните знаења и воедначување на судската практика. Содржните на едукативните настани беа концепирани согласно со актуелните предизвици во примената на материјалното и процесното право, со цел зајакнување на професионалните капацитети на судиите и стручните соработници. Преку различни форми на континуирана едукација беа разработени повеќе современи и практично релевантни теми од граѓанската област, со посебни осврти на парничната постапка, трговското право и други прашања од значење за секојдневната судска практика.

УПРАВНО

Во областа на управното право, специфичната природа на управно-судската материја и надлежностите на судиите на Управниот и Вишиот управен суд наметнуваат потреба од континуирано спроведување на посебно дизјанирани, специјализирани обуки, наменети исклучиво за судиите од овие судови. Во таа насока, Академијата и во текот на 2025 година продолжи со планирање и реализација на тематските обуки кои директно ги адресираат прашањата и предизвиците со кои се соочуваат овие две судски инстанци.

На овие обуки беа обработени повеќе актуелни и практично релевантни теми, меѓу кои: примена на Законот за конкуренција, со акцент на правилна примена на различни сектори; примена на Законот за концесии и јавно-приватно партнерство, со осврт на регулаторните и практичните аспекти; Реални акти во управни постапки, со фокус на нивната правилна подготовка и издавање; Симулација на државна помош, преку примери и практични случаи, како и прашања поврзани со Бесплатна правна помош и практиката на ЕСЧП во однос на пристапот до правда во граѓански и управни постапки.

ЕУ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА НИЗ СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП

Од своето основање, Академијата посветува посебно внимание на застапеност на теми од областа на правото на ЕУ и човековите права со фокус на судската практика на Европскиот суд за човекови права, сè со цел да се унапредат вештините на судиите, јавните обвинители и стручните соработници во оваа област. Обуките на овие теми се организираат поради нивната значајност за усогласување на националната практика со европските стандарди и правилната примена на начелата за човековите права во судските постапки. Во таа насока, Академијата реализираше обуки како самостојно, така и во соработка со странски партнери и меѓународни проекти, обезбедувајќи современ и практичен пристап до европската легислатива и практиката на европските судови. Во 2025 година, Академијата самостојно организираше обуки посветени на најновата практика на ЕСЧП во однос на Членот 8 од ЕКЧП, со акцент на заштитата на правото на приватен и семеен живот, на улогата на Судот во определување и проширување на опсегот на човековите права преку анализа на конкретни примери од судската практика, на стандардите што произлегуваат од Членот 5 од ЕКЧП во однос на употребата на мерката притвор во кривичната и претходната постапка и примената на алтернативните мерки, како и на прашањата поврзани со прекршоците согласно со Законот за шумите и одземањето предмети во светло на практиката на ЕСЧП.

ОНЛАЈН-ОБУКИ

Академијата и во 2025 година продолжи со организирање онлајн-обуки, кои овозможуваат флексибилен пристап до релевантни теми и интерактивна размена на искуства меѓу учесниците, независно од нивната физичка локација. Овој формат придонесува кон зголемување на достапноста на едукативните програми, одржување на висок стандард на обука и брзо прилагодување на содржините на актуелните правни предизвици. Во извештајната година, онлајн-обуките кои беа спроведени беа организирани и се дел од меѓународната соработка на Академијата.

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Академијата за судии и јавни обвинители континуирано ја поддржува работата на претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства од сите

инстанци во државата. Согласно со утврдените потреби за поефикасно и поуспешно управување со институциите, во текот на 2025 година, беа реализирани специјализирани обуки посветени на управувањето со судовите и јавните обвинителства.

Дополнително, имајќи ја предвид транспарентноста како клучен предуслов за јакнење на довербата на јавноста во правосудниот систем, како и потребата од унапредување на соработката помеѓу судовите, јавните обвинителства и медиумите, Академијата организираше и обуки за односи со јавност. Преку овие активности првите луѓе на овие институции, но и лицата задолжени за односи со јавност имаа можност да ги унапредат своите знаења и вештини за градење и одржување професионални релации со медиумите, како и за соодветно јавно настапување, а сè со цел позитивно да се влијае врз перцепцијата и довербата на јавноста.

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ НАМЕНЕТИ ЗА СУДИИ-ПОРОТНИЦИ

Исполнувајќи ја и законската обврска, согласно со Член 42 од Законот за судови, како и согласно со Препораките на ГРЕКО од 4. круг на оценување, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во текот на 2025 година, организираше 4 дводневни обуки, со учество на вкупно 101 судија-поротник од сите апелациони подрачја, со што по завршувањето на обуките, судиите-поротници добија потврда за успешно завршена обука изготвена од страната на Академијата.

2025 ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2025 година, Академијата за судии и јавни обвинители продолжи со систематско унапредување и продлабочување на соработката со домашни и меѓународни партнери. Воспоставените партнерства од почетокот на функционирањето на Академијата и оваа година се одликуваа со континуитет, зголемен интензитет и проширен опфат на активности, со што се зајакнува институционалната поврзаност и размената на професионалните искуства и добри практики.

Домашната соработка се реализираше преку редовна и професионална комуникација, координација и организирање на заеднички активности со релевантните институции и организации во правосудниот систем и пошироко. Во таа насока, Академијата

активно соработуваше со Министерството за правда, Судскиот совет, Советот на јавните обвинители, Здружението на судии, Здружението на јавните обвинители, Судско-медиумскиот совет, како и со други државни институции со кои има воспоставено долгорочна и континуирана соработка. Значаен придонес во реализацијата на програмските активности дадоа и организациите од граѓанскиот сектор и невладините организации преку организација на обуки, учество во обуки, експертски дискусии и покренување на заеднички иницијативи.

Како позначајни во 2025 година се издвојуваат соработките со:

ЦЕНТАРОТ ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ (ЦПИА)

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) организираа 3 обуки на тема: „Напредни обуки за спроведување на еколошка правда". Обуките се реализираа на 10 јуни, 20 октомври и 24 декември 2026 година во Хотел Солун, со почеток во 09:00 часот. Истите обуки беа наменети за судии, јавни обвинители, стручни соработници од сите судови и јавни обвинителства во РСМ. На обуките присуствуваа вкупно: 40 судии, 30 јавни обвинители, 9 стручни соработници и 16 други учесници.

МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

Во рамките на проектот *„Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осуденици"* поддржан од Европската Унија, заедно со Академијата и Управата за извршување на санкции одржаа три еднодневни обуки по подрачја на тема: **„Решенија за намалување на пренатрупаноста во затворите: алтернативни мерки, електронски надзор и успешна ресоцијализација".** Целта на обуките беа учесниците да дискутираат за практиката на изрекување на алтернативните мерки од страна на судовите, електронскиот надзор за следење на извршувањето на санкциите и пробациската служба. На обуките учествуваа судии од кривични оддели, јавни обвинители, стручни соработници и пробациски службеници.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Во рамки на трипартитниот меморандум склучен помеѓу Академијата за судии и јавни обвиители, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје и Центарот за обука при МВР, во период од април до јуни 2025 година, се реализираа 4 работилници на тема **„Постапување со деца жртви согласно со најдобриот интерес на детето",** со стручни работници од центрите за социјална работа, претставници од сектори и служби од МВР, јавни обвинители и судии кои имаат надлежност за постапување со деца-жртви, со цел практикување на принципот најдобар интерес на детето. Обуките беа организирани од

страна на Академијата, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје и Центарот за обука при МВР, односно Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за внатрешни работи, **поддржани од Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци при ООН – УНХЦР.**

Надоврзувајќи се на цврстата основа на домашната институционална поврзаност, Академијата паралелно ја развиваше и меѓународната соработка, препознавајќи ја како клучен фактор за унапредување на квалитетот на обуките и усогласување на европските и меѓународните стандарди. Во текот на 2025 година продолжи реализацијата на активности во рамките на постојните партнерства со странски академии, меѓународни организации, донаторски програми и проекти, како и со воспоставување на нови форми на соработка.

Меѓународната соработка се одвиваше преку учество на претставници на Академијата на регионални и меѓународни конференции, семинари и работни средби, размена на експерти и обучувачи, како и преку имплементација на заеднички проекти насочени кон јакнење на капацитетите на судиите и јавните обвинители. Овие активности придонесоа за размена на искуства, пренесување на добри практики и унапредување на стручните знаења во согласност со современите предизвици во правосудството.

Со интегриран пристап кон домашната и меѓународната соработка, Академијата и во 2025 година ја потврди својата улога како централна институција за стручно усовршување во правосудниот систем, посветена на континуирано унапредување на квалитетот, транспарентноста и ефикасноста во своето работење.
Тековната 2025 година, на меѓународен план ја одбележаа:

ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА ЕУ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ - RULE OF LAW

Поддршката на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија е постојана и Академијата за судии и јавни обвинители посветува посебно внимание во одржување и зачувување на оваа соработка. Во текот на 2025 година, во рамки на проектот „Владеење на правото во Република Северна Македонија“, Академијата реализираше:

- вкупно две обуки за ИТ-лица од судовите, јавните обвинителства, Министерството за правда и Државната комисија за спречување на корупција на следните теми: „Основна обука за мрежи“ и „Напредна обука за мрежи“, кои се одржаа во просториите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.
  - „Основната обука за мрежи“ се реализираше во периодот од 17 февруари до 13 март 2025 година, во времетраење од 10 работни денови, со учество на вкупно 10 учесници. Оваа обука иако се реализираше во 2025 година, беше и последна обука од планираните активности за 2024 година, и

важен чекор кон ефикасно спроведување на антидискриминациските надлежности на сите релевантни чинители.

Во текот на 2025 година, Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ организираше обука на тема Справување со антиромскиот расизам преку призма на судската практика и пресудите на Европскиот суд за човекови права. Оваа обука беше финансирана од Европската Унија преку регионалниот проект „Надвор од бариерите: Резилиентност на Ромите на Западен Балкан", имплементиран од Ромалитико.

ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (ЕИПА)

Академијата има долга и континуирана соработка со **Европскиот институт за јавна администрација (ЕИПА)**, која се реализира преку различни заеднички активности од значење за унапредување на континуираната обука, како и за развој на програмата за почетна обука, преку која се креираат профилите на идните судии и јавни обвинители. Во рамките на ова партнерство, во текот на 2025 година беше организирана обука на тема: „Општата регулатива за заштита на податоци", на која учествуваа 10 судии, 34 јавни обвинители и 2 стручни соработници.

СОВЕТ НА ЕВРОПА

Академијата има повеќегодишна соработка со Советот на Европа, која и во 2025 година продолжи да се реализира преку различни проекти и програми кои се спроведуваа паралелно. Ова партнерство овозможува размена на знаења, примена на европските стандарди во националната практика и зајакнување на капацитетите на судиите и јавните обвинители во различни области на правото. Оттука, во извештајната година беа реализирани следните активности:

- Заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа, „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2023-2026" (Horizontal Facility III), ги поддржува домашните институции во Северна Македонија во рамките на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)". Во рамките на оваа соработка, Академијата организираше обука со цел да ги зајакне капацитетите на судиите и јавните обвинители за слободата на изразување (Член 10 ЕКЧП), безбедноста на новинарите и предизвиците што ги поставуваат СЛАПП тужбите (стратешки тужби против јавно учество). Ова беше прва каскадна обука организирана во соработка со Академијата, користејќи методологии за учење на возрасни развиени во рамките на проектот.

- Академијата во соработка со проектот „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија“, којшто е дел од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“, и регионалниот проект на Европската Унија „Поддршка на ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе во Западен Балкан (EU4FAST) во период 23-26.09.2025 организираше симулациска обука за *Јакнење на пристапот фокусиран на жртвите во истрагите, гонењето и судењето на случаи на трговија со луѓе*. На обуката учествуваа 4 судии и 4 јавни обвинители. Овој метод на учење заснован на сценарио има за цел да ги зајакне капацитетите на националните актери надлежни за истражување, гонење и судење на случај на трговија со луѓе. Истиот следи пристап фокусиран на човековите права, со особено внимание на деца-жртви на трговија со луѓе. Оваа симулациска вежба имплементира мултиагенциски пристап и вклучува судии, обвинители, службеници за спроведување на законот, адвокати, социјални работници и претставници на граѓански организации, заеднички ангажирани со цел решавање на случај на трговија со луѓе, помош на жртвите и казнување на сторителите.

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Република Северна Македонија“ кој се спроведува во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ организираа еднодневна обука на тема: „Бесплатна правна помош“, која се одржа на 27 ноември 2025 година (четврток), во просториите на Академијата. На обуката учествуваа околу 15 судии кои ги зајакнаа своите познавања за правната рамка за бесплатна правна помош и ги подобрија своите вештини во примената на стандардите за бесплатна правна помош во граѓанските и управните постапки. Покрај судиите, на настанот присуствуваа и шест претставници од Министерството за правда и неговите подрачни одделенија/канцеларии, како и претставници од правните клиники и адвокатите.

- Во рамките на проектот „Борба против омразата и нетолеранцијата во Северна Македонија“ заедничка иницијатива на Европската Унија и Советот на Европа во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители на 29 септември 2025 година се организираше обука за „Говор на омраза - феноменологија и кривично-правни аспекти“. На обуката присуствуваа 15 судии и 16 јавни обвинители и беше посветена на дефиниции и концепти на говор на омраза во контекст на домашната законска регулатива со посебен осврт на КЗ, европските стандарди во поглед на говор на омраза и презентирање примери од судската практика со презентирање на статистички податоци за периодот 2019-2024 година, диференцирање во системот на

кривични дела и правни предизвици при справувањето со кривичните дела на говор на омраза.

- Академијата за судии и јавни обвинители преку поддршка на програмата на ЕУ и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ и проектот „Борба против омразата и нетолеранцијата во Северна Македонија“ на 5 ноември 2025 година, организираше обука за „Влијание на утврдена дискриминација врз решавање на предмети од работен однос“, 28 судии дознаа повеќе за постојната законска рамка за антидискриминација и релевантната судска практика од домашните судови и Европскиот суд за човекови права. Од друга страна, на оваа обука претставници од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „пријатели на судот“ ја презентираа работата на Комисијата, механизмите и алатките за заштита од дискриминација и вознемирување.

TAIEX (TECHNICAL ASSISTANCE AND INFORMATION EXCHANGE)

Академијата со финансиска поддршка на инструментот TAIEX и ЕУ, а во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Македонското здружение на млади правници, во јануари 2025 година организираше обука на тема: Заштита на лични податоци и право на приватност. Оваа обука беше можност за унапредување на практичните вештини за справување со правни предизвици во дигиталната ера и запознавање со најдобрите европски практики применливи во македонскиот правен систем.

ПРОЕКТ МАТРА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА СУДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Академијата во соработка со проектот МАТРА за зајакнување на одговорноста и транспарентноста на судството во РСМ организираше повеќе тркалезни маси на тема: Интегритет. Овие настани беа реализирани во сите четири апелациони подрачја и истите претставуваа можност за судиите да дискутираат за предизвиците на тема интегритет, дилемите и меѓународните стандарди за интегритет како и да споделат искуства со холандските експерти (судии и експерти за интегритет). Академијата во рамки на соработката со проектот за зајакнување на извршувањето на Балканот, финансиран од холандското Министерство за надворешни работи, организираше обука на обучувачи за Хашката конвенција за признавање и извршување на пресудите во граѓански и трговски спорови од 2019 година. Целта на оваа обука беше да се развијат професионални обучувачи

во областа на меѓународната правна помош, признавањето и извршувањето на граѓанските и трговските пресуди и да се зајакнат капацитетите на Академијата, да се изгради основна група на обучувачи и да се обезбеди одржлива програма за обука која имплементира унифицирана и ефективна методологија за обука. Програмата за обучувачи беше посветена на воведување на двете теми и примена на наставна методологија за учење на возрасни, развивање на вештини за презентација и фасилитирање, дизајнирање курсеви, развој на наставни програми, подготовка на материјал за курсеви и спроведување на пилот обуки. Програмата за обука на обучувачи се реализираше во три дводневни сесии во февруари, април и јуни 2025 година.

Проектот MATRA - „Подобрување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на Судскиот совет на Северна Македонија“ започна во 2020 година. Во текот на проектот, проектниот тим ги идентификуваше интегритетот и отчетноста како еден од клучните приоритети за последната година на проектот. Како дел од напорите за градење доверба и унапредување на вештините за интегритет во судството на РСМ, проектниот тим организираше четири тркалезни маси во сите апелациони подрачја и три обуки за етика за новите судии и обвинители од осмата генерација и една обука на обучувачи. Фокусот на овие обуки е развој и интеграција на обуката за интегритет во наставната програма на Академијата.

АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА/ЦЕНТАР ЗА ОБУКА И ПРАВОСУДНИ СТУДИИ

Во рамки на успешната соработка со Центарот за обука и правосудни студии на Холандија, Академијата и Центарот од Холандија во изминатите години беа организирани низа тркалезни маси и обуки на обучувачи, поделени во обуки за предавачите и обуки за менторите во почетна и континуирана обука.

Во текот на 2025 година беше организиран завршен настан кој ја одбележа целокупната соработка со оваа институција. На овој настан присуствуваа судии и јавни обвинители кои беа учесници на обуките во изминатите години, организирани во рамки на оваа соработка. Претставниците на двете институции и учесниците имаа можност на овој настан да се осврнат на активностите, да го презентираат наученото, да споделат важни искуства преку обуките организирани во изминатиот период.

АКАДЕМИЈАТА ЗА ЕВРОПСКО ПРАВО (ERA)

Во рамки на соработка со Академијата за европско право (ERA) во тековната 2025 година, Академијата продолжи да ги известува судиите и јавните обвинители за онлајн обуките и вебинарите кои ги организираше ERA, овозможувајќи им на националните правни практичари да ги унапредат своите знаења во разни области од европското право.

УНОДЦ

Како дел од договорените активности помеѓу УНДОЦ и Академијата, а во рамки на проектот „Јустиција" во тековната 2025 година продолжи реализацијата на обуки посветени на борбата против оружјето наменета за судии и јавни обвинители. Имено, во декември 2023 година, Канцеларијата на ОН за дрога и криминал го лансираше проектот „Јустиција", иницијатива насочена кон унапредување на системот на кривичната правда во Западен Балкан преку спротивставување на организираниот криминал и недозволената трговија со огнено оружје. Овој проект се надоврзува на постигнатите резултати од периодот 2020-2023, продолжувајќи со зајакнување на законодавните рамки и институционалните капацитети на судството, обвинителството и органите за спроведување на законот. Целта на спроведените обуки беше во насока на унапредување на вештините и знаењата за примена на ефективните закони, водење темелни и ефикасни истраги и справување со комплексните форми на организиран криминал и нелегална трговија со огнено оружје. Преку анализа на меѓународната рамка, националната легислатива и актуелните правни предизвици, овие обуки овозможија практична размена на искуства и унапредување на професионалните стандарди.

КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ВИСОКИОТ КОМЕСАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Академијата за судии и јавни обвинители во тековната 2025 година воспостави соработка со Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (Office of the High Commissioner for Human Rights), со цел запознавање и интегрирање на меѓународните стандарди за заштита на човековите права и принципите за независност, непристрасност и интегритет на судите и јавните обвинители.

ЖЕНЕВСКИ ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР (ДКАФ)

Академијата и ДКАФ имаат повеќегодишна соработка во чии рамки беа организирани низа активности, пред сè, посветени на посебните истражни мерки, за што во 2024 година беше изготвена и методологија со која се овозможи анализа на контролните механизми врз примената на посебните истражни мерки (ПИМ), со тоа што ќе се анализира улогата на јавното обвинителство, улогата на судот како внатрешен контролен механизам, како и улогата на Собранието и облиците на граѓански надзор како надворешни контролни механизми. Во 2025 година, ДКАФ поддржа и заеднички со Академијата организираше обуки за вработените на Академијата кои беа посветени на развојот на комуникациските вештини на вработените, начините за изготвување на курикулими и усовршување на концептите за континуирана обука, а воедно, со експертска помош беше подготвена стратегијата на Академијата како документ што треба да биде финализиран во првата половина на 2026 година.

ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА ПРАВОСУДНА ОБУКА (EJTN)

Европската мрежа за правосудна обука (EJTN) и Академијата успешно соработуваат повеќе од една деценија и покрај статусот на набљудувач што го има Академијата поради фактот што нашата држава сè уште не е земја-членка на ЕУ. Како и сите претходни години, и во 2024 година Академијата беше дел од активностите на EJTN. Користејќи ги можностите, Академијата им обезбеди на судиите и јавните обвинители да учествуваат на 3 едукативни активности кои беа дел од понудата на EJTN за нашата Академија. Истовремено, Академијата ги споделуваше и онлајн-обуките на EJTN до кои имаше одобрен пристап од страна на ЕТЈН.

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА

Во рамки на успешно воспоставената соработка со странски партнери во 2025 година Академијата овозможи размена на искуства и учество на национални правни практичари на повеќе настани во странски држави, и тоа:

- Како дел од соработката со EJTN, Академијата зеде учество на Генералното собрание на EJTN кое се одржа во Полска, а воедно беше овозможено учество на судија на семинар во Германија, учество на вработени од Академијата на семинар во Рим, и студиска посета на Академијата на Шпанија лоцирана во Барселона;

- Академијата за судии и јавни обвинители во рамки на соработката со програмата ИЦИТАП при Амбасадата на САД во Скопје номинираше јавни обвинители за учество на две работилници во Хрватска на тема: Организиран криминал и корупција против животната средина и една работилница на тема: Справување со големи случаи на корупција;
- Во април 2025 година, во рамки на проектот финансиран од Европската Унија и Советот на Европа (CyberSEE) со кој соработува Академијата, беше реализирана регионална обука на обучувачи за електронски докази во Сараево, Република Босна и Херцеговина. Советот на Европа преку своите проекти за градење на капацитетите на правосудните академии преку инкорпорирање на материјали во наставните материјали и поставување на базен од национални обучувачи го олеснува спроведувањето на обуките за компјутерски криминал и електронски докази. Академијата номинираше 2 судии, 1 јавен обвинител и 1 истражител од постојаната листа на предавачи, со цел нивно активно учество во едукативните процеси кои придонесоа за унапредување на наставните програми во Академијата;
- Во рамки на регионалниот проект на Советот на Европа „Пристап на жените до правда во Западен Балкан" беше организирана студиска посета во Будимпешта на која учествуваа правни професионалци кои се дел од втората генерација на менторската програма за пристапот на жените до правда;
- Во октомври 2025 година во Подгорица, Црна Гора беше реализирана регионална работилница за промоција на Збирката на пресуди за перење пари. Целта на оваа работилница беше презентација на Збирката која претставува практична алатка дизајнирана да го поддржи судството во справувањето со сложени случаи на финансиски криминал, да промовира конзистентност во донесувањето одлуки и да го подобри судскиот капацитет во областите што вклучуваат финансиски докази и враќање на средства. На овој настан учествуваа двајца судии и претставник од Академијата;
- Работилница за СЛАПП тужби беше реализирана во ноември 2025 година во Подгорица, Црна Гора. Истата, беше организирана во рамките на регионалната акција „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Западен Балкан (PRO-FREX)", која е дел од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан 2023-2026". Академијата е вклучена во активностите од самиот почеток на овој проект. На работилницата, заменик-директорот на Академијата имаше своја презентација за целокупната соработка со проектот, а исто така беа дадени и предлози за идни активности;
- Академијата остварува успешна соработка преку бројни активности со Европскиот институт за јавна администрација ЕИПА од Луксембург. Така и оваа година од страна на ЕИПА беа понудени неколку семинари за учество на судии. Двајца судии од нашата држава учествуваа на обуки во Луксембург на следните теми:

„Прекугранични граѓански судски спорови: Достава на документи и собирање докази“ и „Прекугранични граѓански судски спорови: Наплата на долгови“.

- Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) преку својата Глобална програма за огнено оружје (GFP) во рамки на проектот Јустиција, во мај 2025 година, во Тирана, организираше состанок на тема „Примена на специјални истражни мерки (SIMs) за прекршоци од огнено оружје: најдобри практики, предизвици и научени лекции“. Академијата како дел од соработката со овој проект, учествуваше со свој претставник и двајца јавни обвинители од нашата држава;
- Центарот за меѓународна соработка (CILC) организираше завршен настан на кој беа презентирани сите активности на Проектот, постигнатите резултати, извлечените заклучоци и влијанието кое го имаше врз правните системи во Западен Балкан. Овој настан беше можност за споделување на искуствата од активностите кои беа реализирани од почетокот на проектот, а воедно беше поставен и патот на континуирана соработка по завршување на проектот.
- Во рамките на билатералната соработка помеѓу Академијата и Правосудната академија на Република Турција, правосудна делегација од Република Северна Македонија беше во посета на Правосудната академија на Република Турција, во Анкара, во период од 13 до 16 мај 2025 година. Целта на посетата беше да се разменат искуства во однос на организацијата, структурата и професионалното делување на двете институции, како и унапредување на постојната соработка.

МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Академијата и Центарот за меѓународна правна соработка (CILC) со седиште во Хаг во Кралството Холандија во рамките на регионалниот проект на Европската Унија „Поддршка од ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе во Западен Балкан (EU4FAST)“ во ноември 2025 година потпиша меморандум за соработка. Целта на оваа соработка е развој и спроведување на мултидисциплинарни активности во рамките на проектот EU4FAST кои се во функција на зајакнување на владеењето на правото преку зацврстување на националните и институционални капацитети за борба против трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, но без ограничување на овие области, при што соработката може да опфати и други теми и области од заеднички интерес за двете страни.

Меморандум за соработка беше потпишан помеѓу **Академијата и Комисијата за заштита на конкуренцијата.** Со овој Меморандум се утврдува рамката во која ќе се реализира меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата и Комисијата за заштита на конкуренцијата преку организирање заеднички обуки, семинари и работилници, овозможување на учество на членовите и вработените од Комисијата на обуките.

Академијата потпиша и трипартитен Меморандум за соработка со Јавната установа Заводот за социјални дејности, Скопје и Центарот за обуки при МВР. Трите институции кои се потписници на Меморандумот, се согласија дека заедничка цел е да ја воспостават и формализираат меѓуинституционалната соработка на полето на зајакнување на човечки ресурси и институционални капацитети во промовирање на принципите на правата на децата, заштита на правата на децата и нивниот најдобар интерес, како и идни теми од заеднички интерес. Потписниците како цели поставија задачи, кои ќе ги реализираат преку активностите во полето на развој на систем на учење и професионален развој, развој на компетенции на професионалци-учесници во системот и истражување, анализа и создавање на едукативен материјал.

Меморандум за соработка беше потпишан помеѓу **Академијата и Централниот регистар на Република Северна Македонија**. Во рамките на Меморандумот се утврдија заедничките заложби на двете институции да дадат свој придонес, преку развивање соработка во насока на соодветна примена на законите во областите од интерес на правосудството и Централниот регистар.

Во јуни 2025 година ***Академијата за судии и јавни обвинители и Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен*** склучија меморандум за соработка, потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес во зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка во полето на обуките. Во рамките на оваа соработка беше организирана една обука наменета за судии од Виш управен и Управен суд во 2025 година, а во тековната 2026 година е предвидена реализација на дополнителни едукативни настани кои ќе се спроведуваат согласно со договорената соработка помеѓу двете институции.

2025 ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ И БИБЛОТЕКА

Во текот на 2025 година Академијата за судии и јавни обвинители не реализираше издавање на сопствени публикации. Сепак, Академијата активно учествуваше и даде стручна и институционална поддршка во подготовката и публикувањето на водичи, прирачници и други стручни материјали од значење за унапредувањето на практиката на националните правни професионалци. Преку вклучување на свои експерти во работни групи, обезбедување на стручни мислења и логистичка поддршка, Академијата придонесе

кон создавање на квалитетни и практично применливи четива, насочени кон воедначување на професионалните стандарди во правосудниот систем.

2025 СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

Од средината на 2025 година, Академијата започна со изработка на Стратегија на Академијата за периодот 2026-2030. На 09.07.2025 година од страна на DCAF се одржа работилница за вработените во Академијата на тема Стратешко планирање за развој на правосудното образование. По работилницата, директорката на Академијата формираше работна група за изработка на Стратегијата на Академијата, со која како претседател беше определен заменикот-директорот, а членови на работната група беа вработените во Службата за стручно-технички работи на Академијата. Работната група одржа повеќе работни состаноци на која беа дефинирани следниве стратегиски цели за периодот 2026-2030 година:

- **Модернизација на приемниот процес;**
- **Подигнување на квалитетот на континуираната обука;**
- **Институционален и кадровски развој;**
- **Зајакнување на независноста, транспарентноста, соработката и финансиската стабилност;**
- **Развој на аналитичко-истражувачата и издавачката дејност и**
- **Интеграција на технологијата и дигитална трансформација**

Во месец декември се изработи нацрт-верзијата на Стратегијата, која се очекува да биде проследена до Управниот одбор за усвојување на почетокот на 2026 година.

2025 ЕВАЛУАЦИЈА И АНАЛИЗА

Заради процена на квалитетот на обуките и задоволството на учесниците од понудените содржини, Академијата користи прашалници во почетната и во континуираната обука.

Во континуираната обука прашалниците се составен дел од наставниот материјал за обуката, а учесниците ги пополнуваат на крајот на обуката. Преку прашалниците учесниците даваат оценка за обуката, за предавачите, за материјалите за обуката и за успешноста на програмата, а можат да дадат и свои предлози и коментари во делот наменет

за таа цел. Оценките на затворените прашања се даваат на скала од 1 до 6, каде 1 е најмала оценка и изразува целосно незадоволство, а 6 е највисока и изразува целосно задоволство.

Табелите подолу даваат процентуален приказ на прашањата и тоа одделно за обуките наменети за судии и јавни обвинители, за стручните служби и за судиите поротници.

Општа оценка на обуката

1. Дали обуката беше корисна за Вас и ги надгради Вашите знаења?						
Целна група	оцена 1	оцена 2	оцена 3	оцена 4	оцена 5	оцена 6
Судии и обвинители	**0,08%**	**0,15%**	**0,92%**	**1,61%**	**10,98%**	**86,25%**
Стручна служба	**0,00%**	**0,00%**	**0,40%**	**2,59%**	**14,34%**	**82,67%**
Судии поротници	**0,00%**	**0,00%**	**0,00%**	**2,15%**	**9,68%**	**88,17%**

Оцена за предавачите

Оцени за предавачите 1. Дали излагањата беа јасни и лесно разбирливи?						
Целна група	оцена 1	оцена 2	оцена 3	оцена 4	оцена 5	оцена 6
Судии и обвинители	**0,26%**	**0,43%**	**1,22%**	**2,72%**	**12,17%**	**83,19%**
Стручна служба	**0,00%**	**0,00%**	**0,51%**	**0,41%**	**10,16%**	**88,92%**
Судии поротници	**0,00%**	**0,00%**	**0,27%**	**1,34%**	**8,87%**	**89,52%**

2. Како го оценувате пренесувањето знаење и користената методологија?						
Целна група	оцена 1	оцена 2	оцена 3	оцена 4	оцена 5	оцена 6
Судии и обвинители	**0,26%**	**0,32%**	**0,96%**	**2,35%**	**13,07%**	**83,05%**
Стручна служба	**0,00%**	**0,10%**	**0,41%**	**0,41%**	**11,08%**	**88,01%**
Судии поротници	**0,00%**	**0,00%**	**0,27%**	**1,61%**	**9,14%**	**88,98%**

3. Дали предавачот адекватно реагира и соодветно одговара на поставените прашања?						
Целна група	оцена 1	оцена 2	оцена 3	оцена 4	оцена 5	оцена 6
Судии и обвинители	**0,29%**	**0,52%**	**0,67%**	**1,74%**	**9,46%**	**87,32%**
Стручна служба	**0,10%**	**0,00%**	**0,41%**	**0,30%**	**9,55%**	**89,63%**
Судии поротници	**0,00%**	**0,00%**	**0,27%**	**0,27%**	**8,06%**	**91,40%**

Оцена за успешноста на програмата

1. Дали сте задоволни од организацијата на обуката од страна на Академијата?						
Целна група	оцена 1	оцена 2	оцена 3	оцена 4	оцена 5	оцена 6
Судии и обвинители	**0,08%**	**0,08%**	**0,93%**	**1,01%**	**8,08%**	**89,82%**
Стручна служба	**0,00%**	**0,00%**	**0,60%**	**1,79%**	**10,74%**	**86,88%**
Судии поротници	**0,00%**	**0,00%**	**0,00%**	**3,23%**	**6,45%**	**90,32%**

Предлозите и коментарите кои се дадени во прашалниците се сумираат во посебни документи и користат како основа за менување на дотогашните правила и политики, за креирање нови содржини, пристапи, а сè со цел излегување во пресрет на барањата на целните групи за подобрување на ефектот од обуките.

Целна група	Вкупно пополнети прашалници	Вкупно учесници на обука	Процентуален приказ
Судии и обвинители	**1304**	**1866**	**69,88%**
Стручна служба	**503**	**589**	**85,40%**
Судии поротници	**93**	**112**	**83,04%**

Приказ на процент на одговорени прашалници

Од прашалниците, оценките што се однесуваат за предавачите, се сумираат за секој предавач поединечно кој бил ангажиран во тековната година.

По завршување на обуката, предавачите кои биле ангажирани за нејзина реализација задолжително пополнуваат извештај. Нивните сугестии, забелешки, како и предлог-теми за идни обуки се сумираат во посебни документи кои ги разгледуваат вработените заедно со раководството на Академијата и по нив постапуваат онаму каде што има простор за тоа.

АНАЛИЗА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО

Во текот на месец мај 2025 година Академијата спроведе анкета за мерење на задоволството на корисниците од понудените услуги. Анкетата претставува уште една алатка за добивање информации кои може да дадат увид во перцепцијата на целните групи за досегашниот начин на работа на Академијата. Целта на спроведување на анкетата е добивање информации за задоволството на целните групи од понудените услуги, со што би се утврдиле можностите за креирање програми, настани и активности што ќе одговараат на нивните потреби.

Анкетата се спроведе со анкетен лист, доставен преку линк на електронските адреси на корисниците, односно до судиите, јавните обвинители и вработените лица во судовите и јавните обвинителства.

Резултатите од спроведената анкета се сумирани во изработена анализа која е достапна на веб-страницата на Академијата и на профилот на LinkedIn.

2025 БУЏЕТ

За 2025 година на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 139.813.000,00 денари.

Во јули 2025 година со ребалансот на буџетот на Академијата ѝ се скратени средства во вкупен износ од 52.027.000,00, така што Академијата по ребалансот располага со буџет во износ од 87.786.000,00 денари.

Од почетокот на 2025 година заклучно со 31 декември 2025 година, Академијата има реализирано 62.845.427,00 денари.

2025 ЈАВНИ НАБАВКИ

Во 2025 година беа спроведени вкупно 21 постапка за јавна набавка. Една постапка (за услуги за патен транспорт) беше поништена, а по останатите постапки за јавни набавки беа склучени 21 договор за јавна набавка и 1 рамковна спогодба и тоа за следните стоки и услуги:

- Реализирани јавни набавки на стоки:
  - Тонери
  - Компјутерска опрема (лаптопи)
  - Пијалаци и засладувачи
  - Минерална вода за семинари
  - Лиценцни програми
  - Хигиенски средства
  - Канцелариски материјали
  - Серверска и мрежна опрема (делива постапка)
  - Лиценци за Microsoft и антивирусни програми (делива постапка)
- Реализирани јавни набавки на услуги:
  - Писмен превод
  - Одржување на хигиена во просториите на Академијата
  - Услуги за дистрибуција на електрична енергија
  - Изнајмување опрема за превод
  - Резервација и набавка на авиобилети
  - Устен превод
  - Одржување на моторни возила
  - Услуги за фиксна телефонија
  - Услуги за хотелско сместување
  - Кетеринг-услуги
  - Издавачки и печатарски услуги

Деталите за склучените договори по спроведените постапки за јавни набавки на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година, се јавно достапни на следниот линк: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0

2025 ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во насока на зголемување на транспарентноста во своето работење Академијата покрај редовното објавување на текстови и содржини што се корисни за целните групи на Академијата, го активираше својот профил на социјалната мрежа Фејсбук, а истовремено, отвори и профил на LinkedIn каде постира текстови за актуелности од нејзиниот делокруг.

Воедно, од 2025 година во насока на зголемување на транспарентноста, записниците од одржаните седници на Управниот одбор на Академијата се објавуваат на веб-страницата на Академијата, а исто така на веб-страницата на Академијата и на профилот LinkedIn беше објавена и анализа за мерење на задоволството на корисниците од услугите на Академијата.

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор
Mr. Besnik Avdija